# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Број 15
21.09.2020 година

Службен гласник на општина Делчево
Излегува по потреба

Уредува
Одделение за правни и општи работи

Септември,2020

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево (“Сл. гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013), Градоначалникот на Општина Делчево на ден 21.09.2020 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на акти од 44. седница**

**на Советот на Општина Делчево**

I

Да се објават во „Службен гласник на општина Делчево„ актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на 44. седница која се одржа на ден 16 и 18.09.2020 година и тоа:

1. Одлука за давање согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;

2. Одлука за давање согласност за формирање на групи со помал број на деца во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;

3.Одлука за барање согласност од Владата на РСМ за организирање настава со физичко присуство на учениците во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2020/2021;

4. Одлука за барање согласност од Владата на РСМ за организирање настава со физичко присуство на учениците во подрачните училишта при ООУ „Ванчо Прке “-Делчево за учебната 2020/2021;

5. Одлука за барање согласност од Владата на РСМ за организирање настава со физичко присуство на учениците во СОУ „М.М.Брицо“-Делчево;

6. Одлука за давање согласност за раскинување на Договор за времено користење на простории-објект детска градинка наш бр.11-114/1 од 13.02.2008;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 08- 1551 /1** — **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**21.09.2020 година** — **Градоначалник,**

**Делчево** — **Горан Трајковски,с.р.**

1.

Врз основа на член 67 став 6 од Законот за заштита на децата-Консолидиран текст јуни 2020 и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 44.редовна седница одржана на 16.09.2020 година, донесе

ОДЛУКА

за давање согласност за утврдување на

почетокот и завршетокот на работното време

во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево

Член 1

Советот на Општина Делчево дава согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево и тоа:

-За објект бр.2 , кој се наоѓа на ул. „Светозар Марковиќ“ бр.12 каде се остварува Програма за целодневен престој на деца, се утврдува работното време од 05:00 до 18:00 часот.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 1544/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

18.09.2020 год. Претседател,

Д е л ч е в о Драган Маневски,с.р.

2.

Врз основа на член 64 став 5 од Законот за заштита на децата(„ Сл.весник на РМ“ бр.23/2013,12/14,44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 27/16, 21/18, 198/18, 104/19 и 146/19) - Консолидиран текст јуни 2020) и Барањето на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево бр.0302-11/6-2 од 07.09.2020 година, Советот на Општина Делчево, на својата 44. редовна седница, одржана на ден 18.09.2020 година, донесе

ОДЛУКА

за давање на согласност за формирање на групи со

помал број на деца во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево

Член 1

Советот на Општина Делчево дава согласност за формирање на групи со помал број на деца во ОЈУДГ „Весели Цветови“, од бројот предвиден во Законот за заштита на децата.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-1545/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**18.09.2020 година** **Претседател,**

**Д е л ч е в о** **Драган Маневски,с.р.**

3.Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 15 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево “ број 15/2013 и 2/2019), а во врска со Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година, Советот на Општина Делчево на својата 44-та седница, одржана на ден 18.09.2020 година, донесе

О Д Л У К А

**за барање согласност од Владата на Република Северна Македонија за организирање настава со физичко присуство за учениците во ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево за учебната 2020/2021 година**

Член 1

Се бара согласност од Владата на Република Северна Македонија за организирање настава со физичко присуство за учениците од четврто до деветто одделение во ООУ

„Св.Климент Охридски“ Делчево и подрачните училишта во комбинирани паралелки од прво до петто одделение во ООУ„Св.Климент Охридски“ Делчево за учебната 2020/2021 година.

Член 2

Одлуката за барање согласност и Барањето за организирање настава со физичко присуство од ООУ„Св.Климент Охридски“ Делчево да се достави до Комисијата формирана од Владата на РСМ за разгледување на барања за организирање настава со физичко присуство.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 - 1546/1**
**18.09.2020 година**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател**
**Драган Маневски,с.р.**

4. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 15 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево “ број 15/2013 и 2/2019 ), а во врска со Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година, Советот на Општина Делчево на својата 44-та седница, одржана на ден 18.09.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за барање согласност од Владата на Република Северна Македонија за организирање настава со физичко присуство за учениците во подрачните училишта при ООУ „Ванчо Прке“ Делчево за учебната 2020/2021 година**

Член 1

Се бара согласност од Владата на Република Северна Македонија за организирање настава со физичко присуство за учениците од прво до петто одделение во подрачните училишта при Општинското основно училиште „Ванчо Прке“ Делчево за учебната 2020/2021 година.

Член 2

Одлуката за барање согласност и Барањето за организирање настава со физичко присуство од ООУ „Ванчо Прке“ Делчево да се достави до Комисијата формирана од Владата на РСМ за разгледување на барања за организирање настава со физичко присуство.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 1547/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**18.09.2020 година** **Претседател**
**Делчево** **Драган Маневски,с.р.**

**5.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 15 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево “ број 15/2013 и 2/2019 ), а во врска со Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година, Советот на Општина Делчево на својата 44-та седница, одржана на ден 18.09.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за барање согласност од Владата на Република Северна Македонија за организирање настава со физичко присуство за учениците во СОУ „Методи Митевски Брицо“ Делчево за учебната 2020/2021 година**

Член 1

Се бара согласност од Владата на Република Северна Македонија за организирање настава со физичко присуство за учениците од Средното општинското училиште „ Методи Митевски Брицо “ Делчево за учебната 2020/2021 година.

Член 2

Одлуката за барање согласност и Барањето за организирање настава со физичко присуство од СОУ „Методи Митевски Брицо“ Делчево да се достави до Комисијата формирана од Владата на РСМ за разгледување на барања за организирање настава со физичко присуство.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 - 1548/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**18.09.2020 година** **Претседател**
**Делчево** **Драган Маневски,с.р.**

**6.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 15 став 1 точка 7 и 8 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево “ број 15/2013 и 2/2019 ), Советот на Општина Делчево на својата 44-та седница, одржана на ден 18.09.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за раскинување на Договор за времено користење на простории-објект детска градинка наш бр.11-114/1 од 13.02.2008 година**

Член 1

Се дава согласност за раскинување на Договор за времено користење на простории-објект детска градинка наш бр.11-114/1 од 13.02.2008 година склучен помеѓу Општинската Јавна установа-детска градинка „Весели Цветови“ Делчево, Општинското основно училиште Св „Климент Охридски“ Делчево и Општина Делчево.

Член 2

Се овластува градоначалникот на Општина Делчево да ги извести Општинското основно училиште Св „Климент Охридски“ Делчево и Општинската Јавна установа-детска

градинка „Весели Цветови“ Делчево за давањето согласност за раскинување на договорот наведен во член 1 од оваа одлука.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 1549/1**
**18.09.2020 година**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Маневски,с.р.**